Вера Стојановска
Анета Баракоска

**УДК: 373.313.146(497.7)**

# ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ВО ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Кратка содржина***

Во трудот е презентирана суштината на проектите: **„*Активна настава – интерактивно учење*"**, **„*Чекор по чекор*"** и **„*Со читање и пишување до критичко мислење*"**, кои се реализираат во рамките на основното училиште во Р. Македонија. Имено, тие внесуваат иновативни промени пред се во организацијата и реализацијата на наставата, поконкретно нудат современи модели на настава во функција на подобрување на квалитетот на наставата и успехот на учениците. Исто така се опфатени и иновациско – истражувачките проекти кои се реализираат вонсистемот и имаат значење за осовременувањето на концепцијата на слободното време. Во тој контекст се презентира проектот **„*Вавилон*"** кој започна да функционира како центар за развој на деца и млади опфаќајќи го нивното слободно време и проектот **„*Славејче*"** како модел на неформално образование за деца од дисфункционални семејства меѓу чии цели спаѓа и градењето на културата на користење на слободното време. Од анализата на презентираните проекти се констатира дека тие претставуваат иновативни идеи, кои нудат и практични решенија за подобрување на успехот и квалитетот на основното училиште, но исто така внесуваат нов импулс и раздвижување на подрачјето на слободното време.

***Клучни зборови:*** *ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ, ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ, НАСТАВА, СЛОБОДНО ВРЕМЕ.*

Процесите на транзиција во Република Македонија недвосмислено се рефлектираа и врз воспитанието и образованието како значаен општествен сегмент и значаен фактор за приближување на нашиот систем кон системите кои најчесто се именуваат како современи и развиени.

Промените во системот на воспитанието и образованието се одвиваа во две насоки. Првата насока има карактеристики на глобал-

ни промени во меѓународни рамки, па затоа овој вид на промени најчесто се идентификуваа како унвиерзални. Тој вид промени најчесто се однесуваа на текот, квалитетот и очекуваните резултати од основната дејност на училиштето: ефективност на наставата, ефикасни процеси на учење и поучување, модели на евалуација и сл.

Втората насока се однесува на промени со конкретни барања во сферата на воспитанието и образованието, детерминирани од конкретните општествени услови во поедни земји. Поинтензивни промени во сферата на воспитанеито и образованието, детерминирани од конкретните општествени услови каракактеристични се за земјите од Источна Европа или таканаречените земји во транзиција, вклучувајќи ја тука и Република Македонија. Оваа насока на одвивање на промените се однесува пред се на стандардизирање на дејноста на основното воспитание и образование, утврдување на индикатори и дескриптори за компарација со другите системи, моделите на иницијалното образование на наставничкиот кадар како и креирање модел на професионалниот развој на наставниците-практичари. Дел од овие промени се однесуваат и на бројните аспекти на системот како целина и се однесуваат на траењето на основното и задолжителното воспитание, негово продолжување и изнаоѓање можности за целесообразна и програмска кореспонденција со останатите воспитно-образовни системи во Европа и во светот.

Оттука за овие земји мошне актуелна станува недвосмислената аксиома „да се постои, да се живее-значи да се менува". (13, 5)

Промените во периодот на транзиција за нашето воспитание и образование значеа барање на нови патишта за квалитативно осовременување, иновирање и доближување до светските образовни стандарди. Иднината на училиштето, односно на воспитанието и образованието добива нови карактеристики и функции. Образованието го зголемува своето значење не само за поединецот туку и за општеството во целост. Врз основа на тоа и се укажува на потребата од утврдување на индикатори според кои би можела да се мери ефикасноста на воспитанието и образованието како показател за извршување на неговата општествена мисија, протолкувана како податок за опфат на генерациите со задолжителното образование, нивото на осипување, утврдување на причините за т.н. прикриено осипување кое е особено актуелно во последните десетина години.

Евидентно е дека сите промени и мисијата на основното воспитание и образование не може да се реализира само преку дејноста на училиштето, туку неопходни се разновидни форми на образование и вон него. Училиштето од обрзовен центар станува широк културен

центар за воспитание и образование, мотивација за учење и знаење, професионално насочување, запознавање со потребите и интересите на пазарот на трудот и сл. Тоа станува училиште на избор, задоволување на разновидни потреби, избор на програми и методи на работа, со нови форми на комуникација помеѓу наставникот и ученикот. Во оваа смисла и вонучилишното воспитание и образование и просторот на слободното време стануваат актуелна и прифатлива педагошка димензија со нови начини и методи на делување.

Со тенденција и нужност да се одговори на современите барања во сферата на воспитанието и образованието во Република Македонија во изминатиот транзиционен период им се даде приоритет на промените кои се реализираа преку разновидни иновациско-истражувачки проекти. Дел од тие иновациски проекти се реализираа фронтално, зафаќајќи го во целина воспитно-образовниот систем или само одделни аспекти од системот, додека други проекти опфаќаа само одделни делови од системот или дел од воспитно-образовните институции. Трети пак се реализриаа како самостојни истражувачки проекти под раководство на компетентни стручњаци или невладини организации.

Поставените основи, цели, барања на новото време, училиштето трпи, и ќе трпи промени, во насока на тоа, да стане училиште отворено кон новите потреби за промени, примената на дидактичките и технолошките иновации, кое ќе биде професионално-компетентно и одговорно, училиште на демократски односи во кое ќе се хуманизирана атмосферата во односот наставник – ученик, кое на секој ученик ќе му овозможи ефикасен развој и кое секој ученик ќе го доведе до успех.

Едно од приоритетните прашања на современото демократско училиште е да се поттикне развојот на личноста на секое дете и да се создадат еднакви услови за стекнување на знаење, вештини, способности, вештини, мислења и ставови и вредности. Затоа и целите на основното воспитување и образование кај нас се дефинираат во насока на поттикнување развојот и остварувањето на сите индивидуални потенцијали на секој ученик, како услов за активно учество во животот на општествената заедница.

Овие тенденции во воспитанието и образованието, се значајни и за нашиот систем на образование, кој мора да биде во голема мерка компатибилен со образовните системи од Европските земји. Особено поради тоа, што по осамостојувањето на Република Македонија, постои консензус за определбата нашата република да стане членка на Европската унија и на други меѓународни асоцијации.

За таа цел последниве години во Република Македонија се иницираат низа промени речиси во сите сфери на образованието, во насока на приближување кон европските стандарди и барања и усогласување со ново настанатите потреби на денешното и идно време.

Во Република Македонија, последниве години се реализирани или се во тек на реализација повеќе проекти, поткрепени главно со странска финансиска и стручна помош, во кои се вклучени речиси сите степени на образованието, со цел образованието во Република Македонија да се приближи кон европското. Овде ќе ги спомнеме и ќе се задржиме само на некои проекти кои се реализираат во основното училиште и кои на директен или индректен начин создаваат услови, за задоволување на потребите на секој ученик и стимулирање и поттикнување на учениците за подобар успех.

Во продолжение на трудот најпрво ќе се задржиме на презентирање на целта и основните карактеристики на проектите ***„Активна настава - интерактивно учење“***, ***„Чекор по чекор“*** и проектот ***„Со читање и пишување до критичко мислење“***, кои за разлика од другите проекти што се реализираат во рамките на основното училиште, внесуваат промени пред се во организацијата и реализацијата на наставата, поконкретно нудат современи концепти на модели на настава.

Проектот ***„Активна настава - интерактивно учење“*** се реализира во основното образование, од учебната 1994/95 година, и тоа најпрво во одделенската настава, а од неодамна и во предметната настава и во забавишните групи во основните училишта. Општа цел на овој проект е: развивање на современ концепт на настава наречен „Активна настава – интерактивно учење“ и негово имплементирање во практиката на одделенската настава на основните училишта во нашава земја. Со реализацијата на оваа цел се очекува да се обезбеди повисок квалитет на наставниот процес, односно учениците да се здобијат со поквалитетни - трајни и применливи знаења, оптимален развој на нивните индивидуални особености, да се развијат како кооперативни и флексибилни личности - оспособени да решаваат проблеми и самостојно да учат во текот на целиот живот. (1;29).

Овој дидактички концепт по своите карактеристики може да се вброи во концептите познати како настава во чиј центар е личноста на ученикот и процесите на учење. Тоа е концепт кој се гради врз сознанијата за слабостите и предностите на постојниот концепт на настава кај нас, новите сознанија на психологијата и педагогијата, претпоставените потреби на општеството од 21-от век од аспект на карактеристиките на знаењата и способностите што ќе им бидат по-

требни на луѓето, како и од аспект на влијанијата што низ обуката ги вршат консултантите од Бишоп Гросетесте колеџот. ( 1;19).

Воспитно образовниот модел ***„Активна настава – интерактивно учење“*** се реализира по постојниот план и програма за основното училиште, но од аспект на целите и содржините на наставата, за разлика од класичниот модел, особено става акцент на следново: ***функционални, наместо фактографски знаења; сеопфатен наместо нагласен когнитивен развој; содржини значајни за актуелниот живот; можност за личен избор; холистички приод***; од аспект на организација и реализација на наставата на: ***стимулативна средина за учење; недирективно – демократско водење на наставата; интегрирано тематско планирање и реализирање на активностите; учење низ лично искуство; поучување и самостојно учење; диференциран приод во учењето; учење низ истражување; кооперативно учење; доволно време за учење***; а од аспект на следење и оценување на постигнувањата, пак на: ***отсуство на закана; високи стандарди; формативно и описно оценување.***

Ваквиот концепт на настава бара: примена на групна и индивидуална форма на наставна работа; флексибилно планирање и организирање на наставата (работен ден, седмица, односно тематско - проблемско и интегрирано планирање и реализирање на целите, активностите и содржините); примена на методи и постапки на активно учење (учење со откривање, учење по пат на решавање на проблеми, истражувачки постапки, кооперативно учење, искуствено учење); позачестена примена на посредно (недирективно) поучување на учениците; избор на содржини и методи соодветни на целите на наставата; развивање на демократски, соработнички односи меѓу наставникот и учениците, наставникот и родителите, училиштето и средината; водење грижа за социјалниот и емоционалниот развој на учениците; континуирано (формативно) следење (набљудување) и вреднување на развојот и напредокот на учениците и создавање портфолио или досие од нивни изработки, како основа за аналитичко, описно оценување; користење разновидни извори на знаења / учење на учениците; создавање ефикасно објективни и субјективни услови за квалитетно учење (опремување и организација на училницата, поволна социјална клима во одделението, позитивна внатрешна мотивација кај учениците); почитување на индивидуалните разлики на учениците. (1; 31-32).

Од 1994 година во неколку предучилишни установи во Македонија почна да се реализира експерименталниот проект ***„Чекор по чекор“***, а од учебната 1996/97 година и во основните училишта или

поконкретно во првите одделенија од одделенската настава. Нашиот интерес во овој случај е насочен, кон реализирањето на овој проект во основните училишта, иако во основа истиот почива врз принципите и филозофијата од предучилишната програма **„*Чекор по чекор*"**.

Овој проект всушност нуди нов концепт на образование кој го негува духот на слободно и самостојно размислување на учениците. Тука, под водство на наставниците, учениците се оспособуваат за донесување ефикасни одлуки, за разбирање на последиците од своите дејствија и за почитување на различните стилови на учење на соучениците. Индивидуализацијата е важен дел од програмата која во центарот го става ученикот, но не како пасивен рецепиент на знаење и вештини. Во реализацијата на оваа програма, наставниците треба да обезбедат многу можности за децата да вежбаат и да применуваат вештини и знаења на различни начини и низ многу ситуации. Фокусот е ставен на разбирањето и на значењето, а не на голото учење. (12;10).

За разлика од проектот **„*Активна настава - интерактивно учење*"** кој се реализира по постојната програма за основното образование, овој проект има подготвено за своите потреби и сопствена програма според која алтернативно се реализира воспитно – образовната работа во оние одделенија кои се опфатени со овој проект. Карактеристично за овој модел на воспитно – образовна настава, покрај другото, е и тоа што се применува тематско планирање на наставните активности кои се остваруваат интегрирано. Наставниците секогаш се раководат од актуелните потреби и интереси на учениците. Така, преку планираните флексибилни и интересни активности на учениците, и активно набљудување на учениците за време на тие активности, наставникот може да ги менува и прилагодува активностите според потребите. Самата реализација на активностите се одвива во катчиња за активности (ова наметнува организирање на училницата во катчиња за активности), која им овозможува на децата самостојно да ја индивидуализираат активноста врз база на нивните, сопствени, лични интереси и способности.

Проектот **„*Со читање и пишување до критичко мислење*"** започна да се реализира во 1997 година, во неколку основни и средни училишта. Суштината на проектот се состои во иновирање и унапредување на наставата со примена на методи и техники кои промовираат критичко мислење кај учениците и создаваат услови за нивно поактивно ангажирање во процесот на учење. Со оглед на тоа што акцентот се става на техниките на учење наставните методи, универзалноста на проектот се согледува во можноста за нивна примена во

процесот на едукација во сите образовни нивоа, без оглед на специфичноста на курикулумите во рамките на речиси сите наставни предмети. Освен тоа, овие техники се применливи речиси во сите наставни програми, бидејќи се користат читањето и пишувањето, зборувањето и слушањето како главни средства за изведување на наставата и учењето. (2;9).

Општите цели на проектот ***„Со читање и пишување до критичко мислење“*** се следниве:

- во образовниот процес да се воведат нови наставни методи и техники што промовираат критичко мислење на учениците од сите возрасти и во рамките на сите наставни предмети;
- учениците да се едуцираат: да мислат критички, да преземаат одговорност за сопственото учење, да соработуваат со другите, да станат приврзаници на концепцијата за доживотно учење;
- наставниците да се едуцираат: да воспостават атмосфера во училниците што ќе поттикнува отворена и одговорна интеракција, да ја изменат својата улога на доминантна фигура на часот, да користат ефикасни техники што ќе промовираат критичко мислење и самостојно учење, да станат едукатори на други наставници. (3;11).

Иновативните приоди во однос на планирањето на часот, се состојат во тоа што наставникот според концепцијата на проектот, при планирањето на часот треба да се придржува кон една општа рамка на подучување и учење, која се состои од следниве три фази: евокација, сфаќање на значењето и рефлексија. Фазата ***евокација*** всушност е подготовка за обработка на зададена тема, или вовед во она што ќе следи како активност. Во следната фаза ***сфаќање на значењето***, учениците добиваат нови информации за темата на часот и тоа главно преку пишување текст, видео или аудио презентација или експериментален опит. Во оваа фаза може да се користат повеќе наставни техники, карактеристични за проектот, како што се: систем на интерактивно бележење за ефективно читање и мислење (ИНСЕРТ), активност за насочено читање и мислење (ДРТА), реципрочно предавање, дневник со двоен запис, сложување, читање во парови - резимирање во парови, дебатни техники и др. Во фазата на ***рефлексија***, учениците го утврдуваат новостекнатото знаење и активно ја реструктуираат својата когнитивна шема за да ги вклопат во неа новите информации (2;11-12).

Во рамките на сите наведени проекти, најпрво се организирани и реализирани циклус семинари – работилници за обука на сите субјекти, посредни или непосредни учесници во реализацијата на одделните проекти (наставници, директори, стручни работници-училишни педагози и училишни психолози, советници и др.), па потоа е отпочната нивната практична имплементација во основните училишта.

За потребите на одделните проекти се изработени и соодветни прирачници, како и други материјали во кои се презентирани поодделни модели на активно учење, наставни техники кои се доминантни, карактеристични, за одделните проекти и други важни информации кои на наставниците им се од голема помош за успешно реализирање на барањата од проектите во наставната практика.

Од дидактичко – методички аспекти, сите три проекти: **„Активна настава – интерактивно учење“**, **„Чекор по чекор“** и **„Со читање и пишување до критичко мислење“**, придонесуваат за усогласување на основното образование, поконкретно организацијата на наставата, со приоритетите што се доминантни во наставниот процес во европските основни училишта. Имено, сите тие во центарот на внимание го имаат ученикот, неговата индивидуалност, неговите специфичности, можности, способности, интереси, мотиви, афинитети, особини и во сите нив се применуваат различни модели на активно учење.

Со оглед на тоа што општите цели, теоретските основи и концепциските решенија се речиси идентични, во последно време понагласена е идејата за нивна меѓусебна координација, нивно усогласување и поврзување во една целина. Таа целина би претставувала креативна симбиоза од особено истакнатите вредности на одделните проекти потврдени во нашата наставна практика и би бил општо прифатен современ концепт на настава кој би се применувал во основните училишта во нашава Република.

Добиените резултати од евалуацијата на квалитетот на реализацијата на гореспомнатите проекти генерално укажуваат на тоа дека успехот што го постигнуваат учениците вклучени во проектите е далеку подобар од успехот што го постигнуваат учениците во традиционалната настава.

Општите согледувања по однос на реализираните проекти во Република Македонија, укажуваат на тоа, дека покрај многубројните новини образованието мора да содржи и слобода за креирање и дизајн како централен проблем кој на своевиден начин прави компромис меѓу нашите искуства и традиции во наставата и тенденциите и стандардите во развиените воспитно-образовни системи.

Образованието денес е многу повеќе од подготовка, тоа е ангажирање на самиот себе во културата на начин кој не дозволува затворање. Образованието е многу повеќе од конзумирање знаења. Тоа е процес кој што ја вклучува слободата на избор и саморазвивањето, како и можност за почитување на сличностите и разликите во почитувањето на културното наследство на сите етнички заедници во Република Македонија. Оттука не е чудно што слободните вонучилишни активности се повеќе се идентификуваат како значаен фактор за мултикулутурно и интеркултурно воспитание и образование.

Слободните активности и образованието се вземно поврзани во еден вид на круг во кој слободните активности водат кон образование и образованието назад кон нив. И двете во своето делување ја опфаќаат личноста во целокупниот растеж и развој низ целиот живот и двете го вклучуваат искуството за учење и живеење, во актуелизацијата на човековите потенцијали.

Акцентирајќи го значењето на училиштето и образованието за слободно време, денес сосема е јасно и прифатливо дека слободното време не е изгубено време и не е на штета на успехот на учениците. Напротив добро организираното слободно време го освежува од учење младиот организам, ја рекреира силата, а содржините од тоа време ги дополнуваат воспитните настојувања во училиштето и ги прошируваат образовните хоризонти на младиот човек.

За разлика од богатството на проекти насочени кон структурно програмско, дидактичко-методско и организациско усовршување и подобрување на успехот на основното училиште, во Република Македонија во изминатиот перид значително помал беше бројот на иновациско истражувачки проекти кои се реализираа на подрачјето на слободното време. Овие проекти главно се реализираа по иницијатива на компетентни самостојни истражувачи или невладини организации. Ваквата состојба остава простор во иднина многу повеќе да се користат буџетите за проектна научно истражувачка работа за подрачјето на слободното време на децата од основношколска возраст.

Во прилог на проблемот за кој што предходно зборувавме ќе го анализираме проектот ***„Вавилон“*** кој го опфаќа развојот на децата и младите преку слободни активности за партиципација во мултикултурно општество и проектот ***„Славејче“*** како модел на неформално образование на деца од дисфункционални семејства со цел социоемоционален развој, меѓуетничка толеранција и градење на култура за ефикасно и целисходно користење на слободното време.

Проектот ***„Вавилон“*** започна да функционира како Центар за развој на деца и млади за партиципација во мултикултурното општество, опфаќајќи го нивното слободно време. ***„Вавилон“*** како центар за деца и млади постои во осум градови во Македонија. Беше создаден во јуни 1999 година, како идеја од италијанската НГО основана во рамките на ЕЦХО.

***Целокупното делување на „Вавилон“ проектот е фокусирано на три значајни цели:***

1. Да се надмине јазот и да се зголеми нивото на доверба меѓу децата и младите од различна етничка припадност кои живеат на територијата на Р. Македонија;
2. Да се поттикнува учеството на локалните невладини оранизации во работата на вакви и проекти со слични идеи, посебно за финансиска помош која ќе се употреби за опремување на центри во поранешните пионерски домови, домови на културата, гимназиите и сл.;
3. Да се обезбеди слободен сервис за деца и млади, вон времето за воспитание и образование, односно да се помогне во структурирањето на слободното време, заштитувајќи ги децата и младите од влијанието на улицата и можностите на неконтролирано однесување. (11,1)

Центрите беа отворени со различен распоред во осум градови во земјата и тоа: Тетово, Радовиш, Куманово, Штип, Велес, Прилеп и Крушево. Секој центар е отворен по 8 часа во текот на денот од понеделник до сабота. Децата се поделени според возраста во групи максимум 10 до 15 деца за секоја програмирана активност. Секои 45 минути групата може да ја менува активноста усогласена според возраста на децата.

Главната идеја преку активностите во центрите е да се стимулира социјализацијата помеѓу децата и младите на природен и што е можно помалку структуриран начин, без ограничувања и правила типични за училиштето. Децата сосема слободно и спонтано ја бираат групата дискретно менувајќи ја без однапред определени регулативи и правила.

Во организационата структура на проектот вклучени се централни координатори кои се одговорни за организацијата на центрите во градовите и тие се во нивна одговорност, како и грижата за материјалните и човековите потенцијали. Во задолженијата на координаторите стои дека тие треба да се грижат за контактите со локалните авторитети, локалните организации, спонзорите, медиумите итн.

Едукаторите имаат улога на ментори, тутори и медијатори кои ја менаџираат, дизајнираат и ја подржуваат реализацијата на активностите. Тие создаваат атмосфера на искрени, отворени односи и релации, а во работата имаат помошници асистенти.

Проектот *„Вавилон“* има асоцијација на родители (БПА) составена од родители на деца и млади кои го посетуваат центарот. Родителите се вклучуваат во образованието на децата и активносите во центарот. Тие помагаат асистираат во организацијата на активностите и на тој начин се вклучуваат во општеството. Во центарот родителите имаат сопствен простор каде што се среќаваат, разменуваат исксутва, организираат активности за возрасни, а за нив се планират и семинари.

***Вавилон*** има и асоцијација на волонтери (БВА) која е составена од 10 до 15 тинејџери. Во секој центар има простор за почетници волонтери кои се на листата на чекање. Волонтерите им помагаат на координаторите и едукаторите на центарот, и учат како подобро да работат со деца и како да ги водат активностите. Волонтерите добиваат и сертификат за периодот во кој соработувале со центарот.

Асоцијацијата на родители (БПА) и асоцијацијата на волонтери (БВА) претставуваат потпора за работењето на центарот.

За да се подбори квалитетот на понуди за потребите на проектот биле организирани повеќе обуки, семинари и работилници. Учесниците на семинарите имале можност да учествуваат со сопствено искуство, да креираат и соработуваат.

Програмските теми според кои се реализирани семинарите се: водење на психо-образовна работилница; комуникација со деца и работни методи; човекови и малцински права; интеретнички односи и процес на интеграција; решавање на конфликти; ненатпреварувачки игри; соработка помеѓу центрите: создавање на мрежа.

Проектот *„Вавилон“* е имплементиран во два дела и тоа во 1999 година како прва пилот-фаза иницирана и реализирана од ***ЕЦХО***, во 2000 година како втора фаза на имплементација, подржана од ***УНИЦЕФ.***

Денес ***УНИЦЕФ*** сеуште ги поддржува центрите да го продолжат нивниот развој, создавајќи можности да се опфатат сите општини во Македонија. За таа цел евалуацијата која беше раководена од Светската Банка, имаше за задача доследно да пронајде сили и докази, да се надминат евентуалните проблеми, да се проценат новите потреби и да се дефинира прототип на центар за деца и млади.

Проект *„Вавилон“* со сите карактеристики што ги има јасно се гледа дека тој создава комплексна и витална структура за реали-

зирање на слободното време со нагласена партиципација на децата и младите во мултикултурно општество.

Посебна предност на проектот е вклучувањето на локалната средина и семејството во центарот со што се создава педагошки оптимум позитивна животна ориентација и стабилен однос на децата и младите кон слободното време. Меѓусебната интерактивна соработка на центарот со семејството и локалананата средина ги поттикнува и ги насочува децата и младите кон поззитивно користење на слободното време.

Од учебната 2000/2001 година во Р. Македонија започна со реализација менторскиот проект ***„Славејче“*** чиј носител беше Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридска“ од Скопје, раководен од тим на професори и асистенти од истиот факултет.

Целта на проектот беше да им се пружи помош на децата од дисфункционални семејства и да им се овозможи да стапат во контакт со нови луѓе и нови места, опфаќајќи го и нивното слободно време, а на студентите да им се даде можност да работат со вакви деца, да воспостават добра комуникација со нив, да бидат позитивен модел на идентификација, да ја развиваат самодовербата кај нив и сл. Значи проектот има двојна цел да им помогне на овие деца во решавањето на нивните проблеми и организрањето на нивното слободно време, но и да им помогне на студентите да стекнат искуство во работата со вакви деца. Во дружењето студентите работат со децата и им помагаат во социо-емоционалниот и интелектуалниот развој. Средбите ги остваруваат на училиште, факултет и кај нив дома, со цел менторот да се запозне со семејството. Средбите се одвиваат еднаш до двапати неделно по час и половина до два и им помагаат да ги надополнат/компензираат пропустите во учењето на децата и некои други проблеми на кои наидуваат во секојдневниот живот. Покрај индивидуалните средби за помош во учењето студентите ги водат децата еднаш неделно во посета на: кино, театар, концерт, музеј, библиотека и разни други културни настани и манифестации.

Овој аспект во реализирањето на проектот има за цел кај децата позитивно да влијае во осмислувањето и градењето на културата на користење на слободното време. Децата како целна група на проектот обично се ранливи поединци или групи кои потекнуваат од семејство со егзистенцијални проблеми, разведени родители, кои немаат еден или двајца родители или доаѓаат од добро ситуирани семејства но родителите потполно ги запоставиле, најчесто во семејството неможат да го добијат примерот за правилно и конструктивно

исполнување на слободното време. Проектот дава можност децата да посетат многу места, да запознаат нови луѓе да развиваат интереси и да стекнуваат нови искуства.

Во светски рамки постојат повеќе вакви проекти. Така во Шведскиот град Малме има посебна ***„Веленберī фондација“*** која финансиски ги покрива активностите на вакви проекти, таму познати под името ***„Nighingale“***. Урнекот е од израелскиот проект ***„Perach“*** кој трае веќе 20 години и во него се ангажирани 20% од тамошната студентска популација. Слични проекти има во САД – ***„Big brothers, Big siters“*** и во Австралија – ***„Star programme“***.

Разгледувајќи го од аспект на слободното време проектот *„Славејче“* претставува добра идеја затоа што опфаќа категорија на деца кои потекнуваат од дисфункционални семејства чие слободно време не е во доволно мера планирано, осмислено, структурирано и исполнето со содржини и активности кои би можеле да имаат компензирачки или акцелеративен стимул во развојот на децата од основното образование. Активностите на проектот посебно оние што опфаќаат посета на: кино, театар, концерт, музеј, библиотека и други културни настани, истовремено претставуваат културно-стимулативни фактори кои позитивно влијаат на воспоставување активен однос на личноста кон слободното време. Општо земено реализацијата на проектот ја наметнува потребата за нови истажувања на проблеми врзани со оваа категорија на деца и тоа од повеќе педагошки аспекти, вклучувајќи го тука и аспектот на слободното време.

Во обидот да ги идентификуваме најзначајните карактеристики на проектите кои се предмет на анализа во овој труд дојдовме до сознание дека тие претставуваат инспиративни идеи кои внесуваат нов импулс и раздвижување на подрачјето на слободното време. Новите тенденции и современи барања во воспитанието и образованието кои во центарот ја ставаат личноста и нејзиниот развој, коинцидираат со современите барања и на подрачјето на слободното време. Поради тоа и педагогијата на слободното време во контекстот на новите барања во центарот на воспитната работа ја става личноста нејзините потреби, интереси, желби, мотиви, активности, односно развиток на личноста врз принципот на слобода.

На крај можеме да кажеме дека вредноста и значењето на реализираните проекти ја гледаме пред се во функција на осовременување и градење на нов концепт кој во себе ќе го вклучи единственото делување на училишното и вонучилишното воспитание и образование, концепт кој нема да биде затворен и хиерархиски

поставен туку отворен кон општеството, длабоко хуман и перманентен. Со овој прилог не ги исцрпивме сите карактеристики и аспекти на предходно презентираните проекти, но се надеваме дека успеавме да ги доближме состојбите по однос на проектните активности во Република Македонија кои оставаат белег на современост и актуелност во периодот на транзиција кој што сеуште трае.

(Рецензент: *проф. д-р Снежана Адамческа*)

## ЛИТЕРАТУРА

Адамческа, С. (1996), *Активна настава*, Легис, Скопје.

*Активна настава – интерактивно учење*, (1998), Министерство за образование и физичка култура и Педагошки завод на Македонија, Скопје.

Ачковска-Лешковска, Е., Миовска, С. (1998), *Со читање и пишување до критичко мислење*, Просветен работник, Скопје, бр.856.

Велева, М. (2000), *Со читање и пишување до критичко мислење - искуства и перспективи*, Просветен работник, бр. 879.

*Закон за основното образование*, (1995), Службен весник на Република Македонија, Скопје, бр. 44.

*Закон за изменување и дополнување на законот за основното образование*, (1996), Службен весник на Република Македонија, Скопје, бр. 24, бр. 34.

*Извештај за реализацијата на активностите од Менторскиот проект „Славејче"*, 2001 година.

Камберски, К. (ред.) (2000), *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи)*, Филозофски факултет, Скопје.

*Национален извештај – развој на образованието на Република Македонија*, (2001), Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Скопје.

*Нацрт стратегија за развој на образованието на Република Македонија*, (2000), Министерство за образование, Скопје.

*Нацрт национална програма за развој на образованието во Република Македонија* 2005-2015, (2004), Биро за развој на образованието, Скопје.

Projekt „Babylon", Young peoples development for participation in a multicultural society in Macedonia (2000), Материјал користен од документацијата на УНИЦЕФ со седиште во Скопје.

Хансен, К. А., Кауфман, Р. К., Сајфер, С. (1997), *Образованието и демократската култура – Предучилишна практика*, Дата Понс, Скопје.

Herera, A., Mandic, P. (1989), *Obrazovanje za 21 stoljece*, Beograd.

Vera STOJANOVSKA
Aneta BARAKOSKA

## PROMARY SCHOOL PROJECT ACTIVITIES IN REPUBLIC OF MACEDONIA

### SUMMARY

*The subject of projects "Active teaching – interactive learning", "Step by step" and "With reading and writing to criticize reazoning", are presentet in this work, which are realizing in elementary schools in Republic of Macedonia. Their realization, prezented as inovative change in organization and realizatrion of teaching, here is elaborated in function for better quality of teaching and success of childrens (pupil's results). Also here are included and inovative – research projects realized on out of teaching activities, and who have their part for modernization of concept for leisure time. Project "Vavilon" is showed in that context, and is in function as center for development of childrens and youth, as well as project "Slavejce", as model of unformal education of childrens from disfunctional families, which objectives are making culture of using leisure time. From the results of realization of presented projects, we can conclude that they are inovative models, who offer valuable practical solutions for better quality of teaching in elementary school, but also some of them enter new impulse for noticing and to consider efects of rational use of leasure time.*

***Keywords:*** *PROJECT ACTIVITIES, PRIMARY EDUCATION, TEACHING, LEISURE TIME.*